До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање на мислење, со кое се бара мислење дали согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси постојат законски пречки министерот за култура и туризам, да продолжи да учествува во тековни проекти (театарски претстави, филмови и сл.) во Националната установа Драмски театар – Скопје и во други проекти и дали за истото може да остварува паричен надомест. На министерот за култура и туризам работниот однос – актер во Националната установа Драмски театар – Скопје е ставен во мирување.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41-б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Во член 44 став (6) од истиот Закон е предвидено следното:
„(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено."
Став (3) од истиот член пропишува дека: „На избраните и именуваните лица, чии функции се извршуваат професионално, работниот однос им мирува согласно со закон"

Од друга страна, во конкретниот случај треба да се имаат и одредбите кои се однесуваат на судир на интереси.
Во таа смисла, член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси":
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Дополнително, постапувањето во случај на постоење судир на интереси кај службените лица е предвидено со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон:

Член 72 став (1) и (2)

„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

При разгледување на барањето, Државната комисија ги имаше предвид и одредбите на Законот за култура, во кои се утврдени надлежностите на министерот за култура, а кои се однесуваат на работењето и финансирањето на националните установи, именувањето на директори и членови на управните одбори во истите, утврдување на платата на директорот и слично.

Имајќи ги предвид сите горенаведени одредби, Државната комисија смета дека и покрај тоа што член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси утврдува какви приходи може да остварува службено лице, меѓу кои и приходи од културни активности, сепак треба да се има предвид и фактот што лицето е министер и тоа од областа на културата.
Во таа насока, согласно Законот за културата, министерот во извршување на своите надлежности ќе избира и разрешува директори на национални установи, членови на управни одбори, ќе склучува договори со директорите за финансирање на годишната програма за работа на националната установа, по што ќе врши контрола и надзор над наменското користење на средствата од тој договор, од една страна, а од друга страна ќе склучува договори за учество во проекти со установите (НУ Драмски театар – Скопје) и ќе прима паричен надомест за тоа.

Оттука, Државната комисија смета дека учеството на министерот во тековни проекти (театарски претстави, филмови и сл.) и во други проекти, несомнено ќе го доведат до потенцијален судир на интереси, кој може да прерасне во состојба на судир на интереси, бидејќи службеното лице ќе има приватен интерес што може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности при вршење на функцијата министер за култура и туризам.

Дополнително на наведеното, имајќи предвид дека министерот за култура е актер чиј работен однос е во мирување, Државната комисија смета склучување на договор за негово учество во проекти од областа на културата, ќе значи заобиколување на законските одредби кои пропишуваат мирување на работниот однос.

Исто така, Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:

„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

**Заменик претседател**

**м-р Сервет Демири**